РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-315/1
16.10.2012 год.
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 17.10.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. / Орг. Един. / Org. unit | Numër / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 16 | 1190/3 | / | / |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 11.седница одржана на 21.06.2012 година, и на 12. седница одржана на 12.09.2012 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за усогласување и акредитација на студиските програми на прв и втор циклус студии на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитираат усогласените студиски програми со Законот за високото образование на **прв циклус студии во траење од три години** и **втор циклус студии на Факултетот за бизнис и економија во траење од една година (4+1) или 60 ЕКТС и во траење од две година (3+2) или 120 ЕКТС** при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово и тоа:

   а) Тригодишна студиска програма за **бизнис и економија** на прв циклус студии со следни насоки:

   - Одржлив агробизнис;
   - Одржлив туризам;

   б) Едногодишна студиска програма за **бизнис и економија** на втор циклус студии со следни насоки:

   - Финансии;
   - Менаџмент;
   - Маркетинг;

   в) Двегодишна студиска програма за **бизнис и економија на втор циклус студии со следни насоки:**

   - Економија ;
   - Финансии и сметководство;
   - Меѓународни економски односи;
   - Маркетинг;
   - Менаџмент;
   - Претприемништво и локален економски развој;
   -

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за бизнис и економија за давање согласност за измени и усогласување на студиските програми на прв и на втор циклус студии согласно измените од Законот за високото образование, како и одлуката за усвојување на изменетите студиски програми од страна на Ректорската управа, на 22.05.2012 година до Одборот за акредитација и евалуација достави елаборати за оценка на таквата усогласеност.

На својата 10 седница одржана на 31.05.2012 година, Одборот за акредитација и евалуација формира експертски комисии за оценка на поднесените елаборати врз чија основа, на 11. седница одржана на 21.06.2012 година и на 12. седница одржана на 12.09.2012 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Одбор за акредитација и евалуација на високото образование СКОПЈЕ